ADING

# ХИДРОМАЛ ФЛЕКС

*Двокомпонентен нанос за изведба на еластична хидроизолација*

## Област на примена:

За хидроизолација на објекти изложени на позитивен и негативен хидростатски притисок: базени, таложници, пречистителни станици, подрумски ѕидни и подни површини, резервоари, канали, бетонски цевки, шахти, балкони, санитарни јазли, кујни, перални, вкопани бетонски елементи и сл.

## Својства:

- Двокомпонентна смеса;
- Отпорен на позитивен и негативен хидростатски притисок;
- Премостува микропукнатини;
- Еластичен;
- Економичен;
- Нетоксичен;
- Не содржи хлориди ;
- Овозможува непосредно лепење на керамички плочки со градежно лепило;
- Бактериолошки отпорен ;
- Едноставен за изведба;
- Одлична адхезија за подлога;
- Возможност за нанесување на влажна подлога;

## Технички карактеристики:

| | |
|---|---|
| Изглед: | |
| А комп. | Сив прашок |
| Б комп. | Бела течност |
| Однос на мешање: | А:Б=1:1 |
| Волуменска тежина: | 1,7 - 1,8 гр/см$^3$ |
| Отпорност на позитивен воден притисок: (DIN 1048) | 6 атм. |
| Отпорност на негативен воден притисок: (DIN 1048) | 2 атм. |
| Отворено време за работа при 20° C: | 2-3 часа |
| Време на зацврснување при 20° C: | 5 часа |
| Нанесување на следен нанос при 20° C: | 6-24 часа |
| Атхезиона јакост: | > 1,5 МПа |
| Издолжување при кинење: | 25% |

## Подготовка на подлогата:

Хидромал Флекс се нанесува врз бетон, цементен малтер, или гипскартонски плочи. Подлогата треба да е здрава, чиста, обезмастена и обеспрашена без сегрегирани места и пукнатини. Доколку подлогата има сегрегирани места или пукнатини, истите треба да се санираат со Репаратур Малтер или епоксиден кит Адингпокс-К. Чистење на подлогата со вода под притисок е најсоодветен метод. Доколку на подлогата што се изолира има проточна вода, истата треба да се стопира со Убрзувач-Ч или друг соодветен материјал. Влага на подлогата не пречи на нанесувањето на системот.

## Вградување:

Смесата за вградување се приготвува кога на течната компонента (Б) со постојано мешање (рачно или машински мешач 300-500 вртежи во мин.) се додава прашкастата (А) компонента. Мешањето се врши до потполно хомогенизирање на смесата. За првиот слој во смесата може да се додаде до 10% вода.
Нанесувањето на материјалот е со четки (120 мм-200 мм широка) во два или три слоја. Секој нареден слој се нанесува врз претходно исушен слој. Временското растојание меѓу нанесувањето на слоевите треба да изнесува 6-24 часа во зависност од температурата. Вкупната дебелина на трите слоеви изнесува приближно 1,0 до 2,0 мм. Обработените површини треба да бидат заштитени од врнежи, силен провев и мрзнење во период од минимум 48 часа. Температурата при нанесување на хидроизолацијата треба да е 10°C до 35°C.

## Потрошувачка:

| | |
|---|---|
| За два слоја: | 1,2 - 1,4 кг/м² |
| За три слоја: | 1,8 - 2,2 кг/м² |

ХИДРОИЗОЛАЦИИ

## Чистење:

Алатот и опремата се чистат со вода веднаш по употребата.

## Пакување:

Во сетови од 10 и 60 кг. односно:
А компонентата во натрон вреќи од 5 и 30 кг.
Б компонентата во пластични канти од 5 и 10 кг.

## Складирање:

Во оригинална, затворена амбалажа. Во суви простории, на температура од 10°C до 30°C, заштитен од директно изложување на сонце. Рок на употреба 12 месеци.

Опасност по здравјето:
Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата (да се користат заштитни ракавици). Материјалот не е токсичен, но при инцидентен контакт, во случај да се контаминираат површини на кожата, истите места треба веднаш да се измијат со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош.
Пожар:
Двете компоненти на Хидромал Флекс се незапаливи
Чистење и депонирање:
Неврзани остатоци од Хидромал Флекс е со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на адекватна опрема.

ADING
Новоселски пат бб,
1000 Скопје, Р.Македонија,
Тел: ++ 389 / 02 2034 840,
2034 822, Факс: 2034 821
ading@mt.net.mk,
www.ading.com.mk

**Србија**
*АДИНГ*
*Белград*
*Тел: 381 11 2279 338*

**Бугарија**
*АДИНГ-Бугарија*
*Софија*
*Тел: 359 2 9555388*

**Русија**
*Вегамаркет плус*
*Москва*
*Тел: 7 495 3716436*

**Казахстан**
*ТОО Алфар*
*Алма Ата*
*Тел: 732 72 40 1688*

**Унгарија**
*АДИНГ Х Кфт.*
*Будимпешта*
*Тел: 36 29 367 457*

**Грција**
*АДИНГ-Хелас*
*Солун*
*Тел: 30 23 10569130*

**Хрватска**
*АДИНГ-ХР*
*Сплит*
*Тел: 385 98 9833 020*

**Романија**
*КРАЛЕКС*
*Букурешт*
*Тел: 40 21 3509018*

**Украина**
*Солис Компани*
*Киев*
*Тел: 380 44 4070963*

**БиХ**
*ПРОХЕМА*
*Брчко*
*Тел: 387 49 240400*

**Црна Гора**
*Ѓуришиќ и Кум*
*Бар*
*Тел: 382 85 341699*

*Изолими*
*Приштина*
*Тел: 381 38 563280*